Февруари 2011

# БИЛТЕН НА ССНМ

Vol. 1 Issue 2



Разговор за синдикалните права со колегите од Тетово 29.јануари 2011



Претставници на ССНМ во посета на колегите од Штип 22.февруари 2011

Врз основа на Договорот за стратешка соработка со ЗНМ, ССНМ во следниве месеци е лоциран на адресата на ЗНМ.

Градски ѕид блок 13
1000 Скопје
Македонија
www.jamtu.wordpress.com
E: ssnm@live.com
E:ssnm.info@gmail.com
T: (2) 3298 139
F: (2) 31164777

## Се повеќе не има

Во овие три месеци откако ССНМ е регистриран бројот на членовите постојано расте. Ни се приклучија членови од речиси сите медиуми во Македонија. Бројот на колеги кои ја споделуваат нашата девиза дека САМО ЗАЕДНО СМЕ ПОСИЛНИ е секој ден се поголем.

## ССНМ на “турнеја” низ Македонија

ССНМ не е само за новинарите, туку за сите вработени во медиумите.ССНМ не е само за Скопје туку за сите новинари, монтажери, сниматели, фоторепортери сите вработени во медиумите во Македонија. Затоа, со помош на Фондацијата Фридрих Еберт која обезбедува превоз за претставниците на ИО на ССНМ и просторија за средба , Синдикатот тргна во посета на колегите во внатрешноста. Една исклучително студена сабота во јануари бевме во Тетово и разговараме со нашите колеги. Во Штип се сретнавме со 20-тина новинари. Наскоро одиме во Битола и Прилеп, Охрид и Струга...

Идејата која стои зад овие средби е желбата да ги посетиме нашите колеги и во еден неформален разговор да зборуваме за тоа што е Синдикат, што може да се очекува од синдикалната заштита, како да се стане наш член, каква е разликата, а која е сличноста помеѓу Синдикатот и Здружението на новинарите,но и од прва рака да чуеме кои се приоритетните проблеми со кои се соочуваат колегите кои работат надвор од Скопје.

Средбите во Тетово и во Штип го потврдија она што повеќето од нас го знаат:работиме во исклучително тешки услови, подложени сме на бескрупулозна експлоатација од страна на работодавачите,често не познавајќи ги елементарните права кои ни следуваат според законот за работни односи, поделени, раскарани – станавме ефтина работна сила, под постојан мобинг, под закана за сопствената работа, лесен залак за манипулација. Сепак, овие разговори покажаа и нешто друго- покажаа дека сме подготвени да ги менуваме работите, да се бориме за враќање на достоинството на нашиот труд, подготвени сме да ги ставиме на страна разликите и суетите и да се обединиме во желбата која на сите ни е заедничка: да имаме пристојни услови за работа и пристојна плата.

## ЧЛЕНАРИНА

Зголемувањето на членството воедно значи и финансиско јакнење на организацијата што е еден од главните услови за независен и моќен синдикат. Само финансиски силен синдикат може да обезбеди квалитетна и бесплатна правна помош за своите членови, да овозможи дополнителна едукација, да создаде Солидарен фонд за социјално загрозените членови. Богатите синдикати обезбедуваат и плати за своите членови во услови на штрајк.

Сидикатот мора да може да биде независен од работодавачите или организациите чии што цели се спротивни на нашите, затоа главен извор на средства за синдикатот е членарината.

Плаќањето на членарината е статутарна обврска за секој од нас.Оттаму, членството во ССНМ на кое се согласивте со потпишување на пристапницата се активира со плаќањето на членарината и со добивањето на членската карта.

Висината на членарината е утврдена на основачкото собрание, а начините на нејзино плаќање се прецизирани со Правилникот за членарина .

Членството за редовно вработените изнесува 150 денари месечно, за вработените со договор на дело 80 денари, за невработените, пензионерите, студентите 50 денари.

Во оние медиуми каде плаќањето не е можно преку сметководството на фирмата или каде работодавачот не е „расположен“ да поддржи синдикално организирање (иако е тоа спротивно на Законот за работни односи) тоа може да се изврши со отварање на ТРАЕН НАЛОГ во банката во која имате трансакциона сметка (картичка на пример). Трајниот налог се отвара така што се исполнува формулар со барање во кое се наведува бројот на сметката на ССНМ како и цел на дознаката. Станува збор за постапка која се користи за различни плаќања (на пример членарина за политичка парија, сметки и сл) и за која процедурата не е комплицирана.

Податоците за сметката на ССНМ се:
ССНМ – СКопје
210 066 586600189
НЛБ Тутунска банка АД Скопје




Започнавме со изработка на членските карти. Се што треба да направите е да испратите фотографија во дигитален формат на ssnm.info@gmail. com

Зголемувањето на членството воедно значи и финансиско јакнење на организацијата што е еден од главните услови за независен и моќен синдикат.

Февруари 2011

# БИЛТЕН НА ССНМ

Vol. 1 Issue 2

## Потврда за репрезентативност

Според бројот на членовите (повеќе од 300) , но и со оглед на фактот дека во Македонија откако ГИФИК престана да биде активен не постои друга синдикална организација освен ССНМ која барем делумно би ги застапувала интересите на новинарите и луѓето кои работат во медиумската сфера сосема е легитимно да се каже дека нашиот Синдикат де факто е репрезентативен. Сепак таа репрезентативност мора да биде и официјално потврдена. За таа цел ССНМ ја започна постапката за подготвување документи и поднесување барање за потврда на репрезентативност во Министерството за труд и социјална политика. Несреќна околност е фактот што Уставниот суд го оспори членот од Законот за работни односи кој се однесува на изборот и составот на верификационата комисија која ја издава таа потврда. Со оглед на наближувањето на изборите постои опасност постапката за измени на ЗРО да биде забавена, а со тоа и формалното добивање на потврдата. Но, безоглед на тоа ССНМ официјално ќе го поднесе барањето за репрезентативност. Откако ќе ја добиеме потврдата тоа ќе ни даде и формално-правна основа за иницирање и водење преговори и потпишување на колективни договори со работодавачите на национално ниво и на ниво на медиуми. Квалитетен колективен договор ги регулира сите прашања кои се однесуваат на нашите социјални, но и професионални права:од правото на годишен одмор, па до правото да се одбие работна задача доколку не е во согласност со професионалните стандарди. При тоа , треба да се нагласи дека само синдикат може да преговара и да склучува колективни договори. Ниту една невладина организација нема такви законски овластувања. Такво право нема ниту Здружението на новинарите.





## Средба со министерот Бајрами

**Претставници на ССНМ имаа средба со министерот за труд и социјална политика Џелал Бајрами. На средбата стана збор за процедурата за стекнување потврда за репрезентативност и за потребата од поддршка на активностите кои имаат за цел нашите членови да бидат заштитени од експлоатација и манипулација. Вработените во медиумите неретко се изложени на неизвесност за сопственото работно место, на уценување да работат во незаконски услови, на притисоци и постојан мобинг.Работењето под такви услови е спротивно на законот. Во напорот да ги заштитиме нашите членови ние мораме да ја имаме поддршката на институциите како што се инспекциските служби (трудова, финансова) од кои очекуваме неселективен и принципиелен пристап во воведувањето ред во медиумската сфера.**

**САМО СИНДИКАТ МОЖЕ ДА ПРЕГОВАРА И ДА СКЛУЧУВА КОЛЕКТИВНИ ДОГОВОРИ .ТИЕ ИМААТ СИЛА НА ЗАКОН И НАЈДОБРО ГИ ЗАШТИТУВААТ РАБОТНИЦИТЕ!**

Февруари 2011

# БИЛТЕН НА ССНМ

Vol. 1 Issue 2

## ЗАПОМНИ

Синдикатот ги обединува сите – независно од нивната партиска, етничка или каква било друга припадност , сите имаме ист интерес:подобри услови за работа и подобра плата.

Само здружени новинарите и другите медиумски работници можат да ги променат работите и да ги остварат своите интереси. Сопствениците нема да ги сметаат за релевантни поединечните барања, но работниците организирани во силен сидикат нема да можат да ги игнорираат.

Без взаемна солидарност нема силен синдикат!

Не смееме да дозволиме да не исплашат заканите и забраните на сопствениците за формирање синдикат.Тоа е основно човеково право и неговото кршење е спротивно на законот, Уставот и меѓународните конвенции на кои Македонија е потписник

Силата на синдикатот е во неговото членство и подготвеноста на секој член поединечно да се бори за своите права

Посетете го нашиот блог www.jamtu.wordpress.com .Бидете член на нашата група на Фејсбук http://www.facebook.com/home.php?sk=group_177003832316143&ap=1 Сите забелешки, сугестии и ОСОБЕНО критики ни се драгоцени. Пишете на ssnm@live.com (фотографиите за членските праќајте ги на ssnm.info@gmail.com) Телефон (2)3298139 Градски ѕид блок 13. Скопје 1000